# ЗНМ и ССНМ повикаа на солидарност со колегите од „Утрински весник“

Вести Актуел Ное 8, 2016




„Ние сме цврсто уверени и истакнуваме дека актуелната лоша економска состојба во компанијата и намалените тиражи на весниците најмногу се последица на слугинскиот однос на сопствениците на медиумите кон власта. Таквиот однос продуцира лоши деловни одлуки, меѓу другото и поставување „пожелни“ главни уредници, мешање во уредувачката политика и, на крај, производ – весник кој не е интересен за публиката. Затоа паѓаат тиражите“ истакна претседателката на ССНМ, Тамара Чаусидис, на денешната прес-конференција во Клубот на новинари, која се одржа во знак на поддршка на колегите од „Утрински весник“, на кои раководството на МПМ им најави отпуштање од работа или целосно затворање на редакцијата.

Насер Селмани од ЗНМ истакна дека новинарите во Македонија и на медиумскиот пазар се соочува со истите проблеми веќе 25 години.

– Упадот на институциите во медиумите треба да се спречи. Тоа е единствениот начин за да се развие медиумскиот пазар, кој иако мислиме дека го имаме, допрва треба да се развива – изјави претседателот на Здружението на новинари на Македонија, Насер Селмани.



## Башуровски Стево

© Copyright © 2015 ТВ ТЕРА. Powered by Internet Marketing Agency Nova Solutions